Сиг. 0801-41

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА**
**БИРО ЗА РАЗВОЈ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Инв. Бр. 1/10

**ПРОГРАМА ЗА РЕФОРМИРАНО ГИМНАЗИСКО ОБРАЗОВАНИЕ**

**НАСТАВНА ПРОГРАМА ПО**

# *ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК*

**ТРЕТ СТРАНСКИ ЈАЗИК**

**III ГОДИНА**

**Скопје, 2003 година**

**Наставната програма ја донесе Министерот за образование и наука со решение бр. 11-4029/1 од 03.07.2003 година**

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИОНИ ПОДАТОЦИ

**1.1. Назив на наставниот предмет**: германски јазик
**1.2. Образовен профил и струка на кои им припаѓа наставниот предмет**
1.2.1. германски јазик
**1.3. Диференцијација на наставниот предмет**

1.3.1.
1.1. Година: трета
1.2. Број на часови: неделно: 3 часа
годишно: 108 часа
1.5. Статус на наставниот предмет: изборен

## 2. ЦЕЛИ НА НАСТАВНИОТ ПРЕДМЕТ

Целта на наставата по германски јазик како трет странски јазик е да го подигне општообразовното и културното ниво на ученикот, да ја прошири можноста за комуницирање во секојдневниот контекст и да ја развие личноста и креативноста на ученикот. Поаѓајќи од оваа цел, на крајот на третата година, односно втора година на изучување ученикот кој успешно го завршил овој предмет, треба да биде оспособен:

- да комуницира по писмен и устен пат на германски јазик во едноставни ситуации од секојдневниот живот разликувајќи и применувајќи ги: карактеристичните фонеми, акцентот, интонација, како и комуникативните модели и јазични елементи од германскиот јазик;
- да се здобие со одреден социо-лингвистички фонд на знаења којшто ќе му помогне да владее со различни комуникативни ситуации;
- да се запознае со културните карактеристики на Сојузна Република Германија и другите земји и народи од германското јазично подрачје што ќе го потпомогне создавањето на меѓукултурна размена и толеранција, како критичка примена на знаењата;
- ученикот со својата оспособеност за комуницирање на германски јазик да биде подготвен за перманентно учење и личен развој низ интеракција со подрачјата надвор од Македонија;
- да биде подготвен за понатамошното образование во институциите на високото образование;
- преку применетата методологија во процесот на учење на германскиот јазик, да развие општи, лични вештини како што се: решавањето проблеми, способност за соработка, одговорност, прилагодливост и креативност;
- да се развие во личност со рамномерен развој на конгнитвното, психо-моторното и афективвното (емоционалното) однесување, што е важно за неговата улога како позитивен, критички член на демократско општество.

## 3. ПОТРЕБНИ ПРЕТХОДНИ ЗНАЕЊА

За успешно следење и совладување на содржините, односно за постигнување на зацртаните цели, не е неопходно ученикот да поседува предзнаења од германскиот јазик, бидејќи оваа наставна програма е за почетен курс.

## 4. ОБРАЗОВЕН ПРОЦЕС

Процесот на учење на германскиот јазик се дели на одредени компоненти за кои подолу е дадена листа на конкретните цели и на дидактичките забелешки. Овие компоненти се: Слушање, Зборување, Читање, Пишување, Комуникативни модели, Граматика. Вокабулар и Култура. Оваа поделба е корисна во смисла на тоа кои компоненти ги сочинуваат крајните јазични вештини што ученикот треба да ги има усовршено по завршувањето на првата година на изучување на германскиот јазик, односно по завршувањето на втората година од гимназиското образование.

Меѓутоа, во образовниот процес овие компоненти не се обработуваат одделно или по оној редослед во кој се појавуваат во оваа програма. Во фактичката ситуација во која се одвива учењето, наставникот ќе ги интегрира различните компоненти, со што јазикот ќе се учи на функционален начин.

### 4.1. Структуирање на содржините за учење

### Компонента 1: СЛУШАЊЕ

Конкретни цели на компонентата *Слушање* се ученикот:
- да ги негува способностите за препознавање и разликување на фонемите, акцентот, ритамот и интонацијата во германскиот фонетски систем;
- да ги развива способностите за идентификување на граматичките особености на говорниот јазик;
- да се оспособува да разбира и соодветно да реагира на подолги искази, пораки, информации, составени од познати јазични елементи;
- да ги негува способностите за разбирање говор преку поврзување на лингвистички со паралингвистички сигнали (интонација, акцент) и нелигвистички сигнали (гестикулации).

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **Фонеми** | Ученикот:<br>слухово да ги препо-знава фонемите од германскиот фонетски систем; | Фонетскиот систем со акцентирање на оние фонеми што не се совпаѓаат со мајчиниот јазик | Активности од типот на вежби со слушање аудиоснимки или изворни говорници и диференцијација на гласови со подвлекување графеми, односно зборови во минимални парови; идентификување фонетски симболи соодветни на гласовите итн. | Со предзнаења од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот јазик. |
| | да ја воочува опозицијата на одредени фонеми; | [e:] **l**esen<br>[e:] T**ee**<br>[e:] s**eh**r<br>[e] F**e**st<br><br>[e:] M**ä**nner<br>[e:] K**ä**se<br>[e:] z**äh**len | | |
| | да ги дискриминира фонемите во германскиот фонетски систем со акцент на оние кои се разликуваат од фонетскиот систем на мајчин јазик | [ ] **Sch**ule<br>[ ] **sp**ielen<br>[ ] **St**unde<br>[y:] H**ü**tten<br>[v] **w**ieder<br>[ t ] deu**tsch**<br>[ æ] M**ä**dchen<br>[œ]M**ö**bel<br>[y:] **Ü**bung | | |
| **Зборови** | Да го идентифи-кува,слухово, акцентот во зборовите; | Le`ben, Ki`nder<br>Schö`nheit, Kö`nigin.<br>all`ein, Bäcker`ei, franzö`isch | Вежби со слушање зборови од аудио снимки или од наставникот и подвлекување слогови во зборови и цели зборови; | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да го идентификува слухово акцентот во сложени зборови; | **.Stra`ßenbahnhaltestelle, Ha`uptbahnhof, U`rlaubspläne, * Jahrhu`ndert** | | |
| | да го разбира значењето на непознат збор во познат контекст на општа тематика. | **Goethe** kam einmal in **eine Gaststätte.** Er **bestellte sich** eine Flasche Wein und **ein Glas Wasser.** | Слушање говор од аудио или видеоснимки, од наставникот или од изворни говорници и вежби со повеќечлен избор од дадени дефиниции на зборови, синоними, антоними; дополнување реченици итн. | Со предзнаења од првиот и вториот странски јазик и од другите предмети. |
| **Реченица** | Да препознава и дискриминира надолна и нагорна интонација; | Kommst du morgen?<br>Du kommst morgen.<br>Geht es dir gut?<br>Wohnt Vera in Köln?<br>Wann kommt er?<br>Um wieviel Uhr kommt der Bus? | Вежби со слушање реченици од аудиоснимки и идентификување на интонацијата со дијаграми или гестикулации; | Со предзнаења од првиот и од вториот странски јазик и од мајчиниот јазик. |
| | да идентификува конкретни информации во куси слушнати текстови од општа тематика, составени од познати јазични елементи; | **Familie** Müller wohnt drei Jahre in **Berlin**. Eva Müller **studiert seit einem Jahr** dort.<br>**Das Studium** ist nicht leicht. Manchmal **arbeitet** sie auch. Nur **am Sonntag** hat sie etwas Freizeit . | слушање куси текстови од аудио снимка или презентирани од наставникот и вежби со поврзување/ подредување слики, точни/неточни искази, повеќечлен избор, трансфер на информации со графички прикази, идејни мапи итн.; | Со предзнаења од првиот и од вториот странски јазик и мајчиниот. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | да разбира подолги усни инструкции, пораки и информации, составени од познати јазични елементи. | | слушање реченици од аудио снимки, од наставникот или од роден говорник, вежби со одговарање на прашања, пополнување и довршување реченици, повеќечлен избор, извршување инструкции итн. | |

**Компонента 2: ЗБОРУВАЊЕ**

Конкретните цели на компонентата *Зборување* се ученикот:

- да го усоврши изговорот на фонемите на германскиот фонетски систем, акцентот, ритамот, интонацијата;
- да се оспособи усно да комуницира во секојдневни ситуации применувајќи ги комуникативните модели и јазични елементи предвидени за оваа година;
- да ги развива способностите за соодветно усно реагирање на она што го гледа, слуша или чита.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **Фонеми** | Ученикот да ги изговара фонемите од германскиот фонетски систем; (со посебен акцент врз карактеристични фонеми); | Фонетски систем со акцент на фонемите што не се совпаѓаат со мајчиниот јазик. | Активности од типот вежби со слушање аудио снимки или изворни говорници и повторување фонеми, зборови, минимални парови, римувалки итн. | Со предзнаења од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот. |
| | да го разликува изговорот на одредени карактеристични фонеми кои влијаат врз разбирањето. | **ö - schön o - schon**<br>**öh - Söhne o - Sonne**<br>**oe –Goethe** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Зборови** | Да ги изговара зборовите со правилен акцент. | Le`ben, Ki`nder<br>Schö`nheit, Kö`nigin.<br>all`ein, Bäcker`ei, französ`isch | Вежби со репродукција и продукција на зборови. | |
| **Реченици** | Да изговара надолна и нагорна интонација; | Ein Glas Wasser, bitte?<br>Wer kennt Mozart?<br>Kennst du Bach?<br>Ich kenne ihn nicht. | Вежби со репродукција и продукција на реченици, гласно читање дијалози, драматизација; | |
| | да комуницира, применувајќи ги предвидените комуникативни модели и јазични елементи. | A:.Guten Tag,Vera!<br>B: Komm bitte herein.<br>A: Die Blumen sind für dich.<br>B: Nimm bitte Platz. Was möchtest du trinken?<br>A: Eine Tasse Kaffee, bitte. | вежби со продукција на сложени реченици, прашања и одговори, варијации на дадени дијалози и креирање нови; играње по улоги; интервјуа, нарација по слики, опишување. | Со предзнаења од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот јазик. |

**Компонента 3: ЧИТАЊЕ**

Конкретните цели на компонентата *Читање* се ученикот:
- да ги развива способностите за препознавање на усно усвоени зборови во нивната графичка форма;
- да се оспособува да ги разликува јазичните елементи предвидени за оваа година во подолги и во сложени реченици;
- да ги развива способностите за идентификување конкретни информации во подолги текстови од општа тематика, составени од познати јазични елементи;
- да се оспособува да ја разбира главната идеја во подолги текстови од општа тематика, составени од познати јазични елементи.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **Букви** | Ученикот:<br>да ја препознава графијата на усно усвоени фонеми; | [l:] Berlin<br>[i:] Brief<br>[i:]Ihnen<br>[I:] Fisch<br>[e:]Eva<br>[e:] Tee<br>[e:]zehn | Активности од типот на вежби со читање зборови и идентификување, подвлекување графеми; | Со предзнаења од првиот и од вториот странски јазик. |
| | да препознава фонетски симболи. | y:; v; æ; œ; | вежби со препознавање на фонетските симболи. | |
| **Зборови** | Да ја препознава графијата на усно усвоени зборови; | | Вежби со поврзување зборови со слики; | |
| | да чита и толкува скратеници на зборови; | Mathe (Mathematik); BRD (Bundesrepublik Deutschland); usw (und so weiter); | вежби со читање на полната форма на скратениците; | |
| | да го идентификува изговорот на познати и непознати зборови преку фонетската транскрипција; | zi: = sie; kint = Kind;<br>naen = nein; aof = auf;<br>de:r = der; hi:r = hier;<br>glyk = Glück | вежби со препознавање на фонетската транскрипција на зборови од речник; | |
| | да го разбира значењето на непознат збор во познат или помалку познат контекст од општа тематика. | Wir begrüssen heute **einen Gast aus der Bundesrepublik Deutschland**. Herr Weber ist **Journalist** .Er schreibt einen **Artikel** über unsere **Schule** und hat viele Fragen. Alexandar ist **Dolmetscher.** Er **übersetzt.** | читање текстови и вежби со повеќечлен избор од дадени дефиниции на зборови, синоними, антоними; дополнување реченици итн. | Со предзнаења од првиот и од вториот странски јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Реченици** | Да дискриминира јазични елементи во сложени реченици; | | Вежби со читање и подвлекување на конкретно барање; | |
| | да идентификува конкретни информации во непознати текстови со општа тематика составени од познати јазични елементи; | Heute ist **Sonntag.** Die **Familie** frühstückt spät. Kristina deckt **den Tisch.** Sie geht in **die Küche** und macht **Kaffee** für **die Eltern**. | вежби со читање избрани текстови и пополнување реченици, точни/неточни реченици, трансфер на информации со графички прикази, идејни мапи итн. | |
| | да ја разбира главната мисла во подолги текстови и делови од текстови со општа тематика, составени од познати јазични елементи. | Marina ist **Hostes** beim **Reisebüro** in Berlin. Heute betreut sie eine **Gruppe Touristen** aus **Spanien**. Sie zeigt den Gästen die **Sehenswürdigkeiten** der **Hauptstadt.** | | |

**Компонента 4: ПИШУВАЊЕ**

Конкретните цели на компонентата *Пишување* се ученикот:

- да ги негува способностите за разбирање на односот фонема/графема;
- да ги развива способностите за пишување куси насочени состави во кои ќе се искажува лични и други информации и пораки применувајќи ги комуникативните модели и јазични елементи предвидени за оваа година;
- да ги развива способностите за пишување куси насочени состави во кои ќе опишува или раскажува применувајќи ги комуникативните модели и јазичните елементи предвидени за оваа година;

да ја усовршува правилната примена на интерпункциските знаци.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| **Букви** | Ученикот<br>да ја пишува графијата на фонемите со посебен акцент на покарактеристичните. | [a] Kanada,<br>[i] bin, bitte<br>[a:] da, Tag, ja<br>[i:] wir, dir, mir<br>[v] wo, Wort, zwei<br>[s]essen, heißen<br>[z] Reise, besuchen<br>[ts] sitzen, Präposition, Ziel<br>[y:] Gymnasium | Активности од типот на вежби со пополнување испуштени букви во зборовите. | Со предзнаењата од од првиот и одвториот странски јазик. |
| **Зборови** | Да ги пишува новите познати и нови зборови од општа тематика. | | Вежби со подредување букви во зборови, идентификување зборови во слеана низа, диктат, крстозборки итн. | |
| **Реченици** | Да пишува правилно слушнати реченици поединечно и во текст со разбирање на значењето;<br>____________<br>да пишува реченици со правилен ред на зборови;<br>- да пополнува формулари и пишува насочени состави со лични информации и пораки, применувајќи соодветни комуникативни модели, јазични елементи и интерпункциски знаци. | ____________<br>Der Lehrer gibt dem Schüler das Buch.<br>Er gibt es ihm.;<br>____________<br>Name: Müller<br>Vorname: Eva<br>Geburtsdatum: 18. Juli 1981<br>Familienstand: ledig<br>Staatsangehörigkeit: BRD<br>Religion: katholisch<br>Wohnort: Berlin | Вежби со пишување реченици по диктат од аудио снимки или од наставникот или роден говорник, пишување реченици со испуштени зборови, довршување реченици, поврзување делови од прости и сложени реченици, одговарање на прашања, корегирање грешки во пишани реченици со предзнаењата од првиот и од вториот странски јазик.<br><br>Вежби со пополнување формулари, пополнување и довршување реченици, комплетирање отворени дијалози, пишување пораки, формални и неформални писма итн. | Со предзнаењата од од првиот и од вториот странски јазик. |

**Компонента 5: КОМУНИКАТИВНИ МОДЕЛИ**

Конкретни цели на компонентата *Комуникативни* модели се:
- ученикот да се оспособи да комуницира во секојдневни и еноставни ситуации применувајќи комуникативни модели во рамките на јазичните елементи предвидени за оваа година.

| Содржини | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корела.меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Барање/давање информација за време/час<br><br>За временска состојба<br><br>За насока (правец)<br><br>за цена | Ученикот:<br>да може да ги идентификува и применува комуникативните модели предвидени за оваа година; | Wieviel Uhr ist es?<br>Es ist 8,00 Uhr.<br>Es ist halb vier (3 Uhr 30 Min.)<br>Es ist Viertel nach/vor …<br><br>Sie wartet schon eine Stunde.<br>Sie wartet erst zehn Minuten.<br>Er kommt in fünf Minuten.<br>Seit einem Jahr /Monat wohnt sie hier .<br><br>Wir warten **hier**<br>Er wird auch **hierher** kommen.<br>Das Buch liegt **dort**. Er hat es **dorthin** gelegt.<br><br>Was kostet das Buch.<br>Es ist sehr preisgünstig.<br>Gibt es Ermäßigung? | Активности од типот на вежби со соодветни комуникативни модели за дадена ситуација на релација:<br>ученик - ученик,<br>ученик - возрасен,<br>возрасен - возрасен,<br>со драматизација на дијалози, супституција, варијации на веќе обработени дијалози, отворени дијалози, играње по улоги симулации итн. со или без користење аудиовизуелни средства. | Со предзнаењата од од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот јазик. |
| Барање/давање мислење за некого и нешто | | Wie sieht er aus? Sehr schön und er ist sehr groß.<br>Wie alt ist er? 29.<br>Ich finde ihn sehr hübsch.<br>Sie ist sehr modern. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Изразување совет | | Sei gut und lerne fleißig!<br>Bleibe zu Hause, denn es regnet. | | Со предзнаењата од од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот. |
| Изразување желба | | Ich wünsche Dir alles Gute zum Geburtstag.<br>Ich wünsche Ihnen gute Besserung.<br>Gute Reise!<br>Viel Spaß! | | |
| Изразување жалење | | Es tut mir leid, aber ich kann nicht kommen.<br>Leider, es ist besetzt. | | |
| Изразување сигурност | | Er kommt bestimmt zu uns.<br>Heute spielt der Film sicher . | | Со предзнаењата од од првиот и вториот странски јазик и мајчиниот. |
| Веројатност | | Hoffentlich sind alle Schüler da.<br>Wahrscheinlich machen wir morgen einen Ausflug. | | |
| Можност/ неможност | | Ich kann dir helfen.<br>Er kann heute nicht kommen.<br>Die Kinder können keinen Aufsatz schreiben. | | |

Компонента 6: **ГРАМАТИКА**

Конкретни цели на компонентата *Граматика* се:

- ученикот да ги разбира јазичните елемнти на германскиот јазик предвидени за оваа година и правилно да ги применува во најразлични комуникативни ситуации.

| **Содржини** | **Конкретни цели** | **Примери** | **Дидактички насоки** | **Корелација меѓу содржините и меѓу предметите** |
|---|---|---|---|---|
| Именки<br><br>- род<br><br>- еднина/множина<br><br>- падеж<br><br><br><br>Членови<br><br>- определени (пред сопствените именки; пред имиња; пред имиња на денови; при набројување)<br><br>- неопределени | Ученикот:<br>да го препознава природ-ниот род на именките, отстапувањето на родот од мајчиниот јазик, множината и употребата на падежите;<br><br><br><br><br><br>да определи во кои ситуации се применува членот пред сопствени именки и имиња на денови. | **der** Mond, **das** Wasser, **die** Sonne<br>**der** Mann, **das** Kind, **die** Frau<br>**die Männer, die Kinder, die Frauen**<br><br>**Dativ: dem Mann; dem Kind; der Frau (wem?)**<br>**Akkusativ: den Mann; das Kind, die Frau (wen?, was?)**<br><br><br>**Die Schweiz, die Türkei**<br>**Das alte Griechenland, der Rhein**<br>**Am Montag, Am Dienstag**<br>**Der kleine Petar** spielt mit **dem Auto** und mit **der Puppe** seiner Schwester.<br><br>BRD ist **ein** großes **Land.**<br>Hier sehen wir **ein** neues **Buch, eine** alte **Tasche** und **einen** roten **Bleistift.** | Активности од типот на вежби со повеќечлен избор, поврзување зборови или делови од реченици, подредување зборови во реченици, супституции во реченици, пополнување и дополнување реченици, комбинирање и трансформации на зборови и реченици, | Со предзнаења од првиот странски јазик и мајчиниот јазик. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Заменки<br>- неопределени заменки<br><br>-присвојни заменки | Да ги идентификува и употребува неопределените заменки;<br><br>да ги разликува и применува присвојните заменки. | **Jemand** hat **ein Auto gekauft.**<br>**Man** muss die Schüler gut verstehen.<br>Ich habe dort **niemanden** gesehen.<br><br>Ich helfe **meinem Bruder** oft.<br>**Seine Mutter** ist Verkäuferin. | | |
| Придавки<br>- атрибутивна<br><br>- предикативна употреба<br><br>Степенување на придавки | Да ги идентификува, образува и да ги користи придавките.<br>да идентификува и применува степенувани придавки. | Das Wetter ist **schön.**<br>Der **bunte** Sessel gefällt mir.<br>Ana ist **die beste** Schülerin in der Klasse.<br>Er spricht **besser** Deutsch als ich.<br>Sie laufen **schneller** als wir.<br>Er ist **alt** wie ich. | | |
| Броеви<br>- редни броеви | Да ги разлкува редните броеви во однос на простите броеви, да формира и применува редни броеви. | Heute ist der 26.2.<br>**(der sechsundzwanzigste, zweite)**<br>Sie hat Geburtstag **am siebten** Oktober.<br>Berlin, den 5.12.2002. | | |
| Глаголи и времиња<br><br>- Сегашното време од правилните глаголи<br><br>- Сегашното време од повратните глаголи<br><br>- Сегашно време од глаголите haben и sein<br><br>Partizip II | Да ги идентификува правилните глаголи во реченици;<br><br>да знае да ги образува и употребува повратните глаголи во сегашно време; | Er **frage** mich: „Wann **lernen** wir zusammen?"<br><br>Ich **freue mich** auf das Wiedersehen.<br>Er **bereitet sich** auf das Konzert vor.<br><br>Ich **habe** eine Schwester und einen Bruder.<br>Er **ist** ein sehr guter Lehrer.<br><br>kaufen/**gekauft**<br>sprechen/**gesprochen** | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Минато време - перфект | Да идентификува и применува перфект (со употреба на соодветниот помошен глагол и Partizip II) | Ich **habe** ein Buch **gelesen.**<br>Er **ist** zu spät in die Schule **angekommen.** | | |
| Претеритум од помошните глаголи haben и sein | да идентификува, и применува претеритум | Er **war** gestern nicht in der Schule.<br>**Hattet** ihr gestern Deutsch? | | |
| Сегашно време од условен начин | да го препознава, формира и применува сегашното време од условниот начин; | **Wenn** du nicht **kommst, gehen** wir auch nicht.<br>**Wenn** das Wetter schön **ist, machen** wir einen Ausflug. | | |
| Различни форми на негација | да ги разликува и употребува различните форми на негацијата; | Kommen Hans und Peter?<br>**Nein,** sie kommen **nicht**.<br>Ich habe **keinen** Hunger, ich habe Durst. | | |
| - Различни форми на прашања | да продуцира различни форми на прашања. | **Was für ein** Buch ist das?<br>**Kommst** du mit, oder wartest du hier auf uns?<br>**Seit wann** lernst du Deutsch? | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Предлози<br><br>- за време и простор<br>(со соодветниот падеж)<br><br><br>Прилози<br><br>- за време и простор | Да ги препознава, разликува и употребува предлозите и прилозите;<br><br><br>да ги препознава, разликува во однос на придавкте и да применува степенувани прилози;<br>да ги идентифкува, разликува и употребува прилошките заменки. | in, an, auf, hinter, oben, neben, über, unter, zwischen, vor- Dativ+ Akkusativ<br>während +Genetiv<br>aus,bei,mit,nach,seit, von,zu + Dativ<br>durch, für, ohne, gegen, um + Akkusativ<br><br>Heute ist er **früh** gekommen.<br>**Samstags** arbeitet man nicht.<br>Sie kommt **bald** wieder<br>**Draußen** ist es kalt..<br>Ich kann ihn **niergendwo** finden.<br>Er kommt **öfter** zu uns. | | |
| Реченици<br>- релативни, временски, условни | Да идентификува и разликува релативни, временски и условни реченици. | - Der Mantel, **den** er gekauft hat, ist sehr schick.<br>- **Als** er klein war, hatte er einen Hund.<br>- **Wenn** es klingelt, ist die Stunde zu Ende.<br>- **Wenn** ich eine Platzkarte bekomme, fahre ich morgen. | | |
| Индиректен говор | Да пренесува искази кои не бараат усогласување на времиња. | Er hat gesagt, **daß** er morgen kommt.<br>Der Lehrer fragt, **ob** alle Schüler da sind. | | |

**Компонента 7: ВОКАБУЛАР**

Конкретни цели на компонентата *Вокабулар* се ученикот:

- да го збогатува својот вокабулар со нови значења на веќе усвоени зборови и нови зборови и изрази за активна примена во комуникацијата;
- да ги негува способностите за служење со двојазичен речник.

| Теми | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Лица | Ученикот:<br>да го проширува својот вокабулар со нови значења на веќе усвоените зборови и нови зборови и изрази за активна примена во комуникација;<br>- да ги негува способ-ностите за служење со двојазичен речник; | Физички и карактерни особини. | Активности со слушање и гледање избрани аудио, односно видео снимки, читање текстови и супституција, подвлекување, трансформација, илустрирање зборови, пополнување зборови во реченици, поврзување слики и зборови, одговарање на прашања, играње по улоги, игри и загатки; проучување книги, написи, брошури, прирачници, итн. | |
| Град/село | | Меѓучовечки односи. | | |
| Современи комуникации | | Телефонирање, компјутери, печат, телевизија итн. | | |
| Патување | | Превозни средства, патишта, сообраќај, комуницирање на станици, аеродром... | | |
| Купување | | Видови продавници, артикли. | | |

**Компонента 8: КУЛТУРА**

Конкретни цели на компонентата *Култура* се:

- ученикот да се здобие со знаење и разбирање за некои социокултурни карактеристики на Сојузна Република Германија, Австрија и Швајцарија, а преку содржините од вокабуларот и комуникативните модели предвидени за оваа година, заради градење позитивен став кон придонесот на сопствената и на другите култури за подобро меѓусебно разбирање и соработка.

| Теми | Конкретни цели | Примери | Дидактички насоки | Корелација меѓу содржините и меѓу предметите |
|---|---|---|---|---|
| Биографии | Ученикот да се здобие со знаења и разбирање за некои социо-културни карактеристики на Германија и другите земји и народи од германското јазично подрачје преку содржините од вокабуларот и комуникативните модели, заради градење позитивен став кон придонесот на сопствената и на другите култури з а подобра меѓусебно разбирање и соработка. | Писатели, пронаоѓачи, актери, музичари | Активности со слушање и гледање избрани аудио, односно видео снимки, читање текстови и поврзување на слики со зборови, одговарање на прашања; микропроекти, играње по улоги, игри и загатки итн. | Со предзнаења од првиот странски јазик и другите предмети. |
| Оброци | | Видови оброци, навики во исхраната | | |
| Музика | | Видови песни (празнични, поп, народни). | | |
| Купување | | Однесување во продавница, цени, начин на плаќање. | | |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Туризам | | Држави, главни градови, поголеми градови, региони, познати места. | | |
| Патување | | На железничка станица, на бензинска станица, на улица. | | |
| Комуницирање | | Телефонирање, писма (делови од писмо). | | |
| Село/град | | Секојдневен живот, активности | | |
| Културно наследство | | Традиции и обичаи поврзани со празници, суеверија, поговорки, гатанки. | | |
| Стилови на живеење | | Културни навики во семејството и во пошироката средина. | | |

## 4.2 Наставни методи и активности на учење

*Основни наставни методи*

Основни методи што можат да се користат во наставата по германски јазик, се методите што се заеднички за повеќето предмети, а тоа се: демонстрации, дискусии, решавање проблеми, самостојна работа на ученикот на проекти, учење преку сопствено откривање и други методи што ќе придонесат за развојот на учењето. Сите тие треба да се применуваат во рамките на комуникативниот приод, кој претставува темел на современата настава по странски јазик, што не значи дека во процесот на учење не можат да најдат место и други методи: природната (која е дизајнирана да развива основни комуникативни вештини), структуралната ( според која граматичките структури се учат според одреден редослед) или аудиолингвалната ( со која јазикот се учи преку формирање навики), сугестопедија (со која се подобрува учењето на јазикот, обезбедувајќи најповолни услови за работа која ги релаксира учениците на часот, на пр. распоредот на клупите, тивка музика итн.).

*Активности на ученикот*

Зависно од применетите методи во процесот на учењето, активностите на ученикот се сведуваат на : слушање, прибележување, повторување, вежбање, читање, пишување, откривање односи и законитости, самостојно учење, проверување, применување работа во двојки и групи (симулации, игри по улоги, комуникативни игри), изработување домашни задачи, поставување и одговарање на прашања, дискутирање, опишување, раскажување, преведување, сé со цел да се поттикнува креативноста на ученикот.

*Активности на наставникот*

Активностите на наставникот се состојат, главно, од: објаснување, пишување на табла, давање на упатства, дискутирање, демонстрирање, поставување и одговарање на прашања, читање, зборување, оценување задачи, организирање работа во двојки и групи, правење забелешки, мотивирање, иновирање итн.

## 4.3. Организација и реализација на наставата

Наставата по предметот ќе се организира и реализира преку образовната настава на класични и специјализирани училници. Образовните активности се организирани во неделен распоред на часови.

## 4.4. Наставни средства и помагала

За поефикасно постигнување на целите се применуваат разни наставни средства, помагала и материјали.

4.4.1. За содржините на предметот германски јазик, се сугерираат следниве наставни средства и помагала: графоскоп, касетофон, ТВ/видео, а по можност и мултимедиски пристап.

4.4.2. Книги и друг материјал за учениците

За овој курс по германски јазик за учениците се препорачуваат следниве книги и материјали:

1. Учебник по германски јазик за прва година почетен курс.
2. Комплет двојазични речници за паралелката (Македонско- германски и Германско-македонски).
3. Примероци на речник со синоними
4. Примероци на речник со слики

Комплети за паралелката од избрани учебнички системи кои вклучуваат граматички вежби или слични системи од други издавачки куќи.

Збирка од автентичен материјал на германски јазик:

општ материјал: - весници;
- странски списанија на германски јазик;
- списанија за млади;
- брошури;

Доколку постои опрема на располагање тогаш, исто така, и аудиовизуелен материјал на општи теми и теми од струката.

4.4.3. Книги и материјали за наставникот

За наставникот се препорачуваат следниве книги и материјали:
1. Примероци од горенаведените книги/материјали за лична употреба.
2. Претплата преку училиштето на релевантни интернационални списанија/весници.
3. Примероци од каталози на материјали за учење на германски јазик и/или слични каталози од други издавачки куќи).
4. Пристап на Интернет во заедничка работна просторија на наставниците.
5. Пристап до фотокопир и друг вид апарати за печатење.

## 5. ОЦЕНУВАЊЕ НА ПОСТИГАЊАТА НА УЧЕНИЦИТЕ

Увидот во напредокот на знаењата и способностите на учениците да биде планиран, систематски и перманентен и да се остварува во соработка со сите ученици во воспитно-образовниот процес. Проверката на знаењата и способностите на учениците да се реализира преку вообичаените инструменти за таа цел: активности за усмена проверка ( дијалози по дадена ситуација, драматизација итн) тестови и писмени работи за писмена проверка.

## 6. КАДРОВСКИ И МАТЕРИЈАЛНИ ПРЕДУСЛОВИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

### 6.1. Основни карактеристики на наставниците

Наставникот по германски јазик треба да поседува лични, професионални и педагошки квалитети: да е физички и психички здрав, да го познава мајчиниот јазик, да нема говорна маана, да е комуникативен и отворен за соработка, да има позитивен став, ентузијазам и имагинативност, да е соодветно професионално образован, со или без работно искуство, да ја сака педагошката работа и да напредува во неа да е добар организатор, да е креативен и способен за иновации во образовната технологија, мотивирање на учениците и сл.

### 6.2. Стандард за наставен кадар

Завршени студии по германски јазик и литература (наставна насока). VII/1 степен
Завршени студии по германски јазик и литература (преведувачка насока со доквалификација за наставата ). VII/1 степен

### 6.3. Стандард за простор и опрема

За средните стручни училишта за наставата по германски јазик се препорачува специјализирана училница-кабинет со следнава инфраструктура;
- вообичаен инвентар: клупи, столчиња, табла;
- графоскоп;
- место за безбедно чување на комплетите за паралелката и препорачаните материјали (полици или количка);
- касетофон и видео/ТВ;
- пристап на Интернет.

## 7. ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА И НОСИТЕЛИ НА ИЗРАБОТКАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

**7.1. Датум на изработка:** мај 2003 година

### 7.2. Состав на работната група:

- Марковска Злата, советник во Биро за развој на образование - Скопје, раководител
- Нишлиска Марина, лектор, Филолошки факултет, катедра за германски јазик - Скопје
- Слабева Спаска, професор по германски јазик, ОУ "Ј.Х.Песталоци" - Скопје

## 8. ПОЧЕТОК НА ПРИМЕНАТА НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Датум на започнување: 01.09.2003

## 9. ОДОБРУВАЊЕ НА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА

Наставната програма за германски јазик ја одобри (донесе): ______________________________

______________________________ со решение бр. ______________ од ______________ година.